


Во организација на Библиотеката „Григор Прличев“ од Охрид, на 25-ти август оваа година се одржа промоција на монографијата „Исповед кон мајка ми Љуба“ од познатиот автор Иван Трпоски од Сиднеј, Австралија. Делото е издание на Македонското литературно друштво „Григор Прличев“ од Сиднеј, а е отпечатено во печатницста „Ирис“ од Струга. Рецензент на оваа луксузна монографија е проф. д-р Виолета Ачкоска, а преводот на англиски јазик го направи Ристо Стефов од Торонто.

За ликот и животните постигнувања на Иван Трпоски зборуваше познатиот новинар и публицист Милчо Јовановски, кој, меѓу другото рече дека Иван Трпоски е познат општественик и творец во Сиднеј, кој повеќе децении активно е вклучен во повеќе македонски организации каде несебично работи за доброто на Македонците во

метрополата на Нов Јужен Велс и пошироко

Во богатата биографија на Иван Трповски се вели дека со поезија Трпоски е застапен во голем број зборници и дека е автор на бројни збирки поезија. Иван е еден од иницијаторите за организирање на манифестацијата „Денови на Македонската култура“ кои се одржаа во Австралија. Членувал во Одборот за дополнителна настава по македонски јазик во училиштето „11-ти Октомври“ во Јагуна и во Просветно-училишниот одбор за Нов Јужен Велс. Членувал во управата на КУД „Вардар“ од Бенкстаун и учесник е на многу протести каде се демонстрираше за Македонија и за македонството. За неговата општествена дејност има добиено повеќе награди и признанија.

Познатиоот македонски иселеник од Австралија, Иван Трповски од 1978 година е член во Литературното друштво „Григор Прличев“ од Сиднеј, како и член во Издавачкиот одбор на списанието „Повод“ и долгогодишен Библиотекар и Архивар во Библиотеката „Григор Прличев“, прва од таков вид надвор од Македонија. Беше дописник на списанието „Македонија“ на Матицата на иселениците од Македонија и во многу други весници и списанија во Македонија и Австралија. Со своја поезија и реферати настапувал на многу собири, со кои го подгревал духот на Македонецот за да опстои на далечните австралиски простори. Со своја поезија учествувал на манифестацијата „Млада Струга“ во 1979 година и на Струшките вечери на поезија во 1987 и 1995 година, каде со своја поезија настапил и на манифестацијата „Мостови“. Член е на Друштвото на писателите на Македонија од 1988 година и член е на Друштвото на новинарите од Македонија од 1995 година.

Исто така во биографијата на Иван Трпоски е запишано дека тој е син на Науме и Љуба Трпоски, а е  роден  на 21 јуни 1942 година во село Волино, Охридско, во Македонија. Годините од раната младост ги минал во градежниште, во Кичево и Белград, а меѓувреме бил креатор во културно-забавниот живот на волинци со кои бил иницијатор за враќање на одземеното селско земјиште.

Инаку, неговото родно Волино е чиста македонска населба која се наоѓа на петнаесетина километри северозападно од Охрид, од западната страна на селото Косел на патот кон Битола, а на источната страна од селото Горенци. Во селото Волино живеат околу четиристотини жители и административно припаѓа на револуционерната Општина Дебрца

Во своето интересно излагање за најновото дело на Иван Трпоски „Исповед кон мајка ми Љуба“, пак, проф. д-р Виолета Ачкоска истакна дека монографијата е историја на обичниот македонски човек, закоренет на балканската крстосница, во библиска Македонија, која секогаш била на удар на освојувачите, а македонскиот народ подложен на ограбувања и насилства и принуден на миграции. Но, тие тешки времиња под туѓа власт не поминале ни во времето на слободата

Проф Ачкоска во воведот на монографијата „Исповед кон мајка ми Љуба“ забележа дека Иван Трпоски спаѓа во возвишените човечки пориви, да се спротивставаат на заборавот, но и да ја отворат својата душа. Ова се моменти на исповед на едно искрено човекување кое никого нема да го остави рамнодушен. Истовремено, ова е историја на обичниот македонски човек, закоренет на балканската крстосница, во библиска Македонија, која секогаш била на удар на освојувачите, а македонскиот народ подложен на ограбувања и насилства и принуден на миграции. Но, тие тешки времиња под туѓа власт не поминале ни во времето на слободата. Во тоа време на воведувањето во брзите општествени промени најголемата жртва било македонското селанство, изложено на насилници од власта.

Во неговата исповед Иван Трпоски, уште еднаш, поминува низ попатните станици од неговите животни врвици, низ кои, од едната страна ќе се соочите со искреноста, работливоста, чесноста, пожртвуваноста на луѓето, но од другата страна, со лицемерието, алчноста, кодошлакот, безчуствитеноста. Така, низ навраќањата на времето на неговото детство и рана младост, ја откриваме и историјата на менталитетот на македонскиот човек, која не е поврзана само со околностите туку и со вградениот ген кој секој си го носел во себе си. Иван, како и неговата мајка Љуба, длабоко се разочаруваат во многу блиски луѓе од кои очекувале подадена рака во тешки моменти, но биле сведоци на спротивното.

Посебно тажни страници, Иван испишал за прераната смрт на својата страдална мајка Љуба, која починала под товарот на тешкиот живот, на 46 години, оставајќи дел од децата сè уште неизведени на пат. Таа била главниот столб на куќата – жена-родилка, жена-негувателка, жена-аргатка, жена-економ, жена хранителка, жена-чувар на огништето. Всушност, преку Љуба и нејзината макотрпна животна борба, може да се проследи и историјата на македонската жена, во средината, во која не смеела да ги пречекори границите на патријахалното време, но без која куќата останувала испустена, а домаќинот речиси без раце. Така се случило и со таткото на Иван, Наум, кој морал да бара нова другарка и домаќинка.


НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
БИБЛИОТЕКА
„Григор Прличев“ - Охрид



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**